**Триглав пензиско друштво АД, Скопје**
Бул. 8-ми Септември бр. 18, кат 2
1000 Скопје

До:
Македонска берза на хартии од
вредност А.Д. Скопје
Орце Николов бр. 75
1000 Скопје

Предмет: Известување

Почитувани,

Триглав пензиско друштво АД Скопје известува дека ја заврши V-та (петтата) емисија на хартии од вредност по пат на приватна понуда.
Приватната понуда на хартиите од вредност е одобрена со Решение УП 1 број 10-67 од 12.03.2026 година на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија.
Друштвото изврши зголемување на основната главнина со издавање на 20.000 обични акции од V-та (петтата) емисија на хартии од вредност со номинален износ по акција од 50 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија или со вкупен износ на емисијата од 1.000.000 евра.
Вкупниот капитал на Друштвото по извршената V-та (петта) емисија на хартии од вредност изнесува 8.356.000 евра, а вкупниот број на акции е 167.120 обични акции со номинален износ по акција од 50 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија.
Купувач на сите акции од V-та (петтата) емисија е институционалниот инвеститор, кој е и единствен акционер со 100% учество во акционерскиот капитал на Друштвото: Заваровалница Триглав д.д. Љубљана, со седиште на ул. Миклошичева цеста 19, 1000 Љубљана, Република Словенија.

Со почит,

Триглав пензиско друштво АД Скопје

20.04.2026 година